ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
Примено: 14.02.2020
Орг. Един. 03 | Број: 229 | Прилог: | Вредност:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Бр.-Nr. 14-109/4
14-02-2020 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), и врз основа на член 216 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус на интегрирани студии по Ветеринарна медицина на англиски јазик на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус по Ветеринарна медицина на интегрирани студии на англиски јазик на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Факултетот за ветеринарна медицина од Скопје се обрати со барање бр. 03-2262 од 30.12.2019 година до Министерството за образование и наука, под наш бр. 14-109/1 од 08.01.2020 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус на интегрирани студии по Ветеринарна медицина на англиски јазик на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по добиеното Решение за акредитација 1409-234/3 од 10.05.2019 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение бр. 14-109/2 од 05.02.2020 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 10.02.2020 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 14-109/3 од 12.02.2020 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв и втор циклус на интегрирани студии по Ветеринарна медицина на англиски јазик на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Архива

изработил: м-р Јорданчо Попоски
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Борчо Алексов